**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за макроекономска политика**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Мај 2009 година**



**Скопје, јули 2009 година**

# РЕЗИМЕ НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## Мај 2009 година

- **Намалување на индустриското производство од 15,3% на годишна основа**

- **Годишна стапка на инфлација од 0,4% во мај**

- **Благо зголемување на берзанските цени на одделни производи, пред се никелот и нафтените деривати**

- **Годишно намалување на извозот на стоки (во евра) за 34,4% во првите пет месеци 2009 година, со истовремен пад на увозот на стоки за 22%**

- **Прв пат од почетокот на кризата, извозот бележи месечен раст од 6,3%, а увозот опаѓа за 17,8%. Претходно, и увозот и извозот се намалуваа, но извозот со повисока стапка**

- **Во период јануари-мај 2009 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 33.512 милиони денари (8,2% од БДП), што претставува помало остварување за 2,9% во однос на истиот период минатата година, а вкупните расходи изнесуваат 37.443 милиони денари (9,1% од БДП) што е повеќе за 22,5% во однос на истиот период од 2008 година**

- **Бруто девизните резерви во мај 2009 година изнесуваат 1.166,8 милиони евра и во однос на декември 2008 година оствариja пад од 21,9% (328,1 милиони евра). На месечно ниво истите бележат пад од 3,1%, односно од 37 милиони евра, во услови на нето купопродажба на девизниот пазар од 50,2 милиони евра**

- **Во текот на мај засновани се 17.834 нови работни односи, од кои 27,5% се од евиденцијата на невработени.**

## 1. Реален сектор

**1.1. Кумулативниот индекс на индустриското производство за периодот јануари-мај 2009, во однос на истиот период од претходната година, забележа намалување од 11,1%.**




Заради случувањата во светската економија, односно светската финансиска криза, во мај 2009 продолжи трендот на намалување на индустриското производство на годишна основа од 15,3%.

Анализата на индексот на физичкиот обем на индустриското производство на годишна основа укажува дека негативните мајски резултати се должат на намалената активност во дури 18 гранки од вкупно 24 индустриски гранки. Како една од главните причини за ваквата динамика во производството е слабата активност во секторот Основни метали, каде е регистриран годишен пад од 57%, во нафтената индустрија е регистриран годишен пад од 68,3%, производство на машини и уреди, неспомнати на друго место пад од 41,1%, во прозводството на облека од 16,9%, производство на производи од други неметални минерали од 2,9% и тн.

На месечна основа индексот на индустриското производство забележа намалување од 2,4%.




Според очекувањата на менаџери на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата во мај 2009 година се оценува како поповолна во однос на претходниот месец. Залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали се под нормалата, а залихите од готовите производи, во мај 2009 година, се зголемени во споредба со претходниот месец. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во мај 2009 година имаат следниве фактори: недоволната странска побарувачка (25,2%), недоволната домашна побарувачка (16,7%), неизвесното економско окружување (10,7%) и финансиските проблеми (12,8%). Оценката за очекуваниот обем на производството за наредниот период е поповолна, како и оценката за очекуваниот број на вработените.

**Бројот на работниците во индустрија во мај 2009 година, во однос на истиот месец од претходната година, е намален за 6,0%.** Бројот на работниците во секторот Вадење на руди и камен во мај 2009 година, во однос

на истиот месец од претходната година, е намален за 9,8%, а во Преработувачката индустрија е намален за 5,8%.

**1.2. Во мај 2009 година, цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот, се зголемија за 0,4% во однос на истиот месец од претходната година**.

Растот главно се должи на зголемувањето кај тутун и пијалоци 4,3%, домување 6,8%, ресторани и хотели 3%, и исхрана 1,3%.




Индексот на трошоците на живот во мај 2009 година во споредба со април 2009 година е повисок за 1,0%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за мај 2009 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.992 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 2,1%.

Индексот на цените на мало во мај 2009 година забележа намалување од 1,1% во однос на мај 2008. На месечна основа, цените на мало се повисоки за 0,3%. Зголемувањето на цените е евидентирано во групата земјоделски производи од 4,9%.

**1.3. Во мај 2009 година, на светските берзи е забележан благ пораст на цената на нафтата и на цените на најголемиот дел од металните производи.**

Во мај, цената на нафтата на светската берза се зголеми за 13,9% во однос на претходниот месец и достигна цена од 57,94 долари за барел. Споредено со мај претходната година, цената на нафтата е намалена за 53,2%.




Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 13,2% и достигна цена од 12,635 долари за еден метрички тон ($/мт). Цената на бакарот во мај забележа пораст од 3,6% во однос на април и достигна цена од 4,569 долари за еден метрички тон ($/мт), цената на златото во мај забележа пораст од 4,4% во однос на претходниот месец. Во мај 2009 година, стабилни останаа цените на челикот и челичните лимови.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првите пет месеци од 2009 година, вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра), се намали за 26,6% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за 30,1%, а неговата вредност изнесува 721,3 милиони евра, што претставува пад од 34,4%. Намалувањето на увезената количина на стоки изнесува 23,1%, а нејзината вредност оствари износ од 1.445,8 милион евра, или намалување од 22%.




При вакви движења на извозот и увозот на стоки, дефицитот во размената остварен во првите пет месеци од оваа година изнесува 724,5 милиони евра, што претставува годишно намалување на негативното салдо на размената за 3,8% (28,7 милиони евра), при што најголем придонес има намалениот увоз на железо и челик и нивни производи.

Покриеноста на увозот со извоз во првите пет месеци изнесува 49,9%, што претставува значајно годишно намалување од 9,5 процентни поени (п.п.)

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I – V - 2008 | I – V - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 149,5 | 132,9 | -16,6 | -11,1 |
| Мил. ЕУР | 83,8 | 45,1 | -38,7 | -46,2 |
| Мил.$ | 128,3 | 59,7 | -68,6 | -53,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I – V - 2008 | I – V - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 567,5 | 598,9 | 31,4 | 5,5 |
| Мил. ЕУР | 275,9 | 156,7 | -119,2 | -43,2 |
| Мил.$ | 419,9 | 205,5 | -214,4 | -51,1 |

*)Претходни податоци

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот** во период јануари-мај се: облека 24,2%, железо и челик 18,9%, пијалаци и тутун 7,4%, нафта и производи од нафта 6,3%, овошје и зеленчук 5,1% и метална руда и метални отпадоци 3,9%. Овие шест групи производи сочинуваат 66% од вкупниот извоз на државата.




Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во првите пет месеци отпаѓа на: нафта и производи од нафта (156,7 мил. евра, 10,8%), текстилни предива и слично (108,8 мил. евра, 7,5%), друмски возила (90,3 мил. евра, 6,2%), железо и челик (80,8 мил. евра, 5,6%), индустриски машини и делови (56,3 мил. евра, 3,9%) телекомуникациски апарати (49,1 мил.евра, 3,4%) и друго.

**2.3.** Гледано по региони, во првите пет месеци од 2009 година, и покрај намалениот интензитет на трговска размена со Европската унија (ЕУ 27), сепак учеството на размената со ова интеграција во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 53% (извоз на стоки 56,3% и увоз на стоки 51,5%). Извозот во Европската Унија бележи значајно намалување од 38,5%, а увозот бележи позабавен пад од 13,5%, во однос на истиот период од 2008 година.

Во анализираниот период 73,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Швајцарија, Кина, Турција, Полска, Украина, Словенија, Франција, Индонезија и Австрија.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V - 2008 | I-V - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 491,2 | 227,9 | -263,3 | -53,6 |
| Мил. ЕУР | 379,7 | 136,0 | -243,7 | -64,2 |
| Мил.$ | 581,2 | 178,9 | -402,3 | -69,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V - 2008 | I-V - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 424,3 | 201,4 | -222,9 | -52,5 |
| Мил. ЕУР | 205,9 | 80,8 | -125,1 | -60,8 |
| Мил.$ | 316,2 | 106,5 | -209,7 | -66,3 |

*)Претходни податоци

**2.4.** Гледано по валутна структура 78% од надворешно-трговската размена во периодот јануари-мај 2009 година е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 3,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 84,2% и 75%, соодветно и во однос на првите пет месеци лани претставува пораст од 7,3 п.п. кај извозот, а кај увозот овој пораст изнесува 3,7 п.п..

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| ИЗВОЗ | I-V 2008 | | | | | I-V 2009 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 1.288 | 844.821.406 | 61,2942 | 51.782.652.224 | 76,7 | 855 | 606.698.033 | 61,3938 | 37.247.497.698 | 84,1 | -238.123.373 | -28,2 |
| USD | 266 | 382.811.066 | 40,2150 | 15.394.763.518 | 22,8 | 232 | 145.165.047 | 46,5420 | 6.756.271.617 | 15,2 | -237.646.019 | -62,1 |
| EUR+USD | 1.554 | | | 67.177.415.742 | 99,5 | 1.087 | | | 44.003.769.316 | 99,3 | | |
| вк.извоз: | 1.559 | | | 67.486.903.286 | 100,0 | 1.090 | | | 44.315.634.846 | 100,0 | | -34,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-мај 2009 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 33.512 милиони денари (8,2% од БДП), што претставува помало остварување за 2,9% во однос на истиот период минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 28.236 милиони денари, што претставува помало остварување за 10,2% во однос на истиот период лани.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите пет месеци од 2009 година е доминантно и изнесува 48,6%, а на акцизите 18,4%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 18.930 милиони денари, односно 67,0% (или 2/3) од вкупните даночни приходи (4,6% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пад од 9,6%, данокот на добивка пад од 44,7% (ова поради изменетата регулатива - од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина се остварени помалку за 5,7%, додека кај акцизите се заблежува раст од 1,4%, а кај приходите од персоналниот данок за 5,6% споредено со истиот период лани.

Неданочните приходи се зголемени за 86,8% во однос на истиот период минатата година, особено поради исплатената дивиденда од Телеком во мај во износ од 2.383 милиони денари.

**3.2. Во првите пет месеци од 2009 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 37.443 милиони денари (9,1% од БДП), што е повеќе за 22,5% во однос на истиот период од 2008 година.**




Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (32.961 милиони денари) учествуваат со 88,0% и се поголеми за 20,3% во однос на истиот период лани, додека капиталните расходи забележуваат учество од 12,0%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (18.846 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (8.672 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 23,2% и во однос на истиот период лани се зголемени за 9,3%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 4.689 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2008 година за 15,4%.

Во делот на трансферите, се потрошени 28,8% повеќе средства (4.218 милиони денари) споредено со истиот период 2008 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 50,3% во вкупните расходи (4,6% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотации на 68 општини за финансирање на пренесените надлежности (средства за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјални трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 6.073 милиони денари или за 1.228 милиони денари повеќе (25,3% зголемување). Каматите се реализирани во износ од 754 милиони денари, што е помалку за 3,3% во споредба со истиот период 2008 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 4.482 милиони денари, што претставува зголемување од 41,4% во споредба со истиот период 2008 година и претставуваат 1,1% од БДП.

**3.3. Оттука во периодот јануари-мај 2009 година остварен е дефицит на Централниот Буџет од 3.931 милиони денари (1,0% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет изнесува 3.392 милиони денари (0,8% од БДП).**

## 4. Монетарен сектор

4.1. Во мај 2009 година примарните пари[1] забележаа пад од 0,6% на годишна основа (пораст од 1,8% во април) во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките, од 6,2% и намалена побарувачка на готовите пари во оптек за 6,9%.

**На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 3,1%, што се должи на намалување на вкупните ликвидни средства на банките од 4,5% и намалување на побарувачката за готови пари од 1,4%.**

**Во мај 2009 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста како во април и изнесува 9%.**

Каматните стапки на државните хартии од вредност изнесуваат: 9,05% за три месечните државни записи и 8,8% за шест месечните државни обврзници.

Беа одржани вкупно 3 аукции, во услови на тендер со каматни стапки за тримесечните и шестмесечните државни обврзници и тоа: две аукции за тримесечните државни записи и една аукција за шест месечните државни записи.

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во мај бележи досега најниско ниво на раст од 2,9% на годишна основа (6,3% во април 2009 година). На месечна основа вкупните депозити регистрираат пад од 0,8%, како резултат на намалувањето и на денарските и на девизните депозити.**




Во мај 2009 година, денарските депозити бележат пад од 0,6% на месечно ниво, додека девизните депозити оствариja пад од 1,0% На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 10,8%, додека девизните депозити оствариja пораст од 19,7%.[3]

Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат пад од 3,6% на месечно ниво, додека заштедите на населението регистрираат зголемување од 0,2%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 11,8%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 16,8%.

**4.3. Во мај 2009 година се забележува намалување на растот на кредитите кон приватниот сектор. Месечниот пад на кредитите од 0,3% произлегува главно од намаленото кредитирање во девизи. Во однос на лани кредитниот раст бележи понатамошно забавување и изнесува 18,5%.**

Месечниот пад на кредитите на претпријатијата во мај изнесува 0,7% (наспроти 0,3% во април), а кредитите на населението регистрираа раст од 0,4%

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити
[2]Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите
[3]Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

(наспроти растот од 0,1% во април). На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 19,8% и 17,6%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат забавен пораст од 19,4% на годишно ниво. Девизните кредити бележат забавен пораст од 15,2% на годишна основа. Во однос на април денарските пласмани се пониски за 0,1%, додека девизните кредити бележат пад од 0,5%.

**4.4. Во мај 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити** е поголема за 0,2 п.п. од стапката во април и изнесува **10,1 %.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е поголема за 0,1 п.п. од стапката во април и изнесува 7,5%. Во однос на минатата година се забележува затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити оствари раст од 0,5 п.п. Од друга страна, каматната стапка на девизните кредити бележи намалување од 0,6 п.п. на годишна основа.

Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка и тоа 9,5% за денарски и 7,2% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во мај 2009 година е повисока за 0,1 п.п. од стапката во претходниот месец и изнесува 6,8%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 1,1 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е на исто ниво од април и изнесува 3,2%, а на годишна основа бележи пораст од 0,9 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во мај 2009 година изнесуваат 1.166,8 милиони евра и во однос на декември 2008 година остварија пад од 21,9% (328,1 милиони евра). На месечно ниво истите бележат пад од 3,1%, односно од 37,0 милиони евра, во услови на нето купопродажба на девизниот пазар од 50,2 милиони евра.** НБРМ преку девизните трансакции вршеше повлекување на ликвидни средства. На девизниот пазар се забележа зголемена побарувачка на девизи и како одговор на тоа продажба на девизи од страна на НБРМ.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-мај 2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани околу 97.812 засновани нови работни односи.** Од вкупниот број нововработени 43,8% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 11,1%.




Во текот на мај засновани се 17.834 нови работни односи, од кои 27,5% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во мај изнесува 8.949, од кои 51,6% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во

Агенцијата се регистрирани 8.133 лица, од кои 53,3% се лица на кои им престанал работниот однос.

**Резултатот е намалување на невработеноста за 816 лица, односно за 0,23% во однос на претходниот месец. Така, во мај 2009 година бројот на невработени лица изнесува 349.063.**

Од вкупниот број евидентирани невработени лица 70.924 лица (20,3%) се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, додека останатиот дел активно бараат работа. Споредено со истиот месец од минатата година бројот на невработени лица е намален за 0,8%.

Најголем дел од невработените, односно 66,1% се од урбани средини (градско население), додека 57,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование 52,9% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголем дел, или 59,7% од невработените, припаѓа на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,8% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во мај 2009 година во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 272.330 пензионери, што претставува намалување од 762 лица во однос на претходниот месец.**

За исплата на пензии во мај се потрошени 2.645,9 милиони денари, што претставува 50% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.




Во мај 2009 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 9.876 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 11,2%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 48,9%

**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-април 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 27,8%, додека реално просечната плата е повисока за 27,1%.**

Во април 2009 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.167 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 29,2%, додека реалниот раст изнесува 29,9%. Процентот на вработени кои не примиле плата во април 2009 година изнесува 3,9%, што е за 5,2% помалку во споредба со истиот месец од претходната година.

